35747

ВЕЧЕР ☆ 14 март 1988 година

УТРЕ ВО ФИЛМСКИОТ САЛОН НА МСУ

# Проекција на »Тајната на Пикасо«

Утре, во Филмскиот салон на Музеј на современа уметност во Скопје, со почеток во 13 часот, ќе биде прикажан документарниот филм „Тајната на Пикасо" на Жорж Анри Клузо. Ова антологиско филмско дело пред скопјани доаѓа во соработка со Кино-тека на Македонија и Францускиот културен центар во Скопје.

Жорж Анри Клузо ова автентично видување на творештвото на најголемиот современ сликар го има реализирано во 50-тите години, и на филмската лента е пренесена работата и авторските замисли на Пикасо.

М. А. Х.